**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од СЕДМАТА седница на
## Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 27.01.2022 година

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2022 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Седмата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 27.01.2022 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **21 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на денешната седница на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот од комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-278/2 од 25.01.2022 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

15. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на улица "Перо Наков", од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2" во Скопје.

Согласно известувањето од стручната служба од 26.01.2022 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

16. Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;

17. Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје; и

18. Предлог - Одлука за соработка соработка помеѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Јунан, Народна Република Кина.

Градоначалникот на Општина Гази Баба ја образложи итноста од предлагање на предложената точка 15.

Претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски, ја образложи итноста од предлагање на предложените точки 16 и 17.

Претставникот од општинската администрација - Тодор Петров, ја образложи итноста од предлагање на предложената точка 18.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 15** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **22 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 16** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **22 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 17** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **22 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точката 18** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **23 гласа "ЗА"**.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година;
2. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба за 2022 година;
3. Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2022 година;
4. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
6. Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
7. Предлог - Одлука за пренесување на сопственост на движна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
8. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година;
9. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;

10. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба;
11. Предлог - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба;
12. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес;
13. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба;
14. Предлог - Тарифник за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба;
15. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на улица "Перо Наков", од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2" во Скопје;
16. Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
17. Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје; и
18. Предлог - Одлука за соработка соработка помеѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Јунан, Народна Република Кина.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.01.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба за 2022 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2022 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.01.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Благица Блажевска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба - Скопје, со **15 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.01.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Иван Симоновски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **15 гласа "ЗА", 7 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **15 гласа "ЗА", 6 гласа "ПРОТИВ" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за пренесување на сопственост на движна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.01.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за пренесување на сопственост на движна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Живко Белчев (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисјата за култура, спорт и рекреација - **Никола Тутевски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.01.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, со **21 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог-Тарифник за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба.**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска:**

Од стручната служба сум информирана дека по однос на оваа точка е поднесен 1 (еден) амандман, бр.09-409/1 од 27.01.2022 година, поднесен од членот на советот - Сафет Адеми (ДУИ). Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.08-409/1 од 27.01.2022 година**)

Предлагачот го образложи поднесениот амандман.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман.

Во расправата по поднесениот амандман учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, предлагачот на амандманот и претставникот од општинската администрација - Тодор Петров.

Пред заклучување на претресот по поднесениот амандман, предлагачот истиот **го повлече**.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на улица "Перо Наков", од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2" во Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на улица "Перо Наков", од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2" во Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за соработка соработка помеѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Јунан, Народна Република Кина.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 27.01.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за соработка соработка помеѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Јунан, Народна Република Кина, со **24 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Седмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **14:20** часот.

**Број 09-1267/2**
**од 14.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот